# ЗЕЛС | BNJVL

ГЛАСИЛО | GAZETË

Јули / Korrik
2014



## ЗЕЛС И ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## BNJVL DHE KËSHILLI INSPEKTIV FIRMOSËN MEMORANDUM PËR BASHKËPUNIM



## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС ДИСКУТИРАШЕ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

## KUVENDI GJENERAL I BNJVL-SË DISKUTOI MBI SFIDAT E PUSHTETEVE LOKALE



ГЛАСИЛО
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GAZETË
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Почитувани,

Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата, на 4 јули, 2014 година, ја одржа третата седница на која се дискутираше за резултатите, предизвиците и приоритетите во развојот на општините, што се постигнати минатата година и во првите шест месеци од оваа година. Беше истакнато дека зголемувањето на бројот на електронските услуги што ЗЕЛС им ги обезбедува на општините, особено воспоставувањето и одржувањето на системот за издавањето на градежни дозволи по електронски пат, претставуваше еден од позначајните успеси на ЗЕЛС во овој период. Зајакнувањето на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), со цел обезбедување на што поквалитетно извршување на доверените надлежности, исто така, беше посочено како многу значајна активност на ЗЕЛС во полза на општините. Присутните дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат локалните власти, при што изнесоа и значајни предлози, а претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на оваа седница ја потенцираше важноста за извршувањето на обврската од страна на секоја општина, во однос на навременото плаќање на годишната членарина кон ЗЕЛС. Како гости, на седницата беа поканети новоименуваниот министерот за локална самоуправа, Лирим Шабани и амбасадорот на Швајцарија во нашата земја, Н.Е. Стефано Лазарото, кои им се обратија на делегатите.

Во текот на месец јули, ЗЕЛС организираше и други активности. Беше потпишан Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Инспекцискиот совет. Целта е да се влијае на зголемувањето на степенот на меѓусебната координација на инспекциските служби, на локално и на државно ниво и зајакнување на административните капацитети на овие служби во насока на обезбедување на поголемо почитување на законите од областа на комуналните дејности, градежништвото, урбанизмот, заштитата на природната средина, спортот, образованието, туризмот и трговијата.

На 17 јули, 2014 година, беше потпишан договор меѓу Министерството за финансии- Управа за имотно-правни работи и ЗЕЛС за отстапување на софтвер за електронско јавно наддавање за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на недвижни и движни ствари. ЗЕЛС ќе управува и ќе го одржува системот, во име на општините. Веќе започнаа подготовките за постапката за јавна набавка за надградба и за одржување на оваа софтверска апликација, со што ќе се обезбеди негово прилагодување за потребите на општините, а потоа општините ќе бидат информирани за можностите за нејзино користење.

Богданци, Гази Баба, Прилеп и градот Скопје се четирите единици на локална власт во нашата земја кои се пријавија на огласот за учество во програмата „Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа - BFC SEE" за да се стекнат со регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување. Во период од шест месеци, до една година, тие ќе минат низ сложен и комплексен процес за стекнување на сертификатот. Прелиминарните активности ќе започнат кон крајот на месец август, кога претставници од администрацијата од овие четири единици на локалната власт ќе бидат поконкретно запознаени со сите 12 критериуми и со начинот на нивното исполнување за стекнување на потребните стандарди, а некаде во месец септември официјално ќе бидат потпишани договорите. Во нашата земја, веќе е реализирана пилот –фаза од оваа програма, во која учествуваа четири општини, а со сертификат се стекнаа општина Велес и општина Струмица.

Во месец јули беа организирани и други активности на локалните власти, поддржани од ЗЕЛС, за кои може поопширно да прочитате во овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,<br>
Душица Перишиќ<br>
Извршен директор на ЗЕЛС



Të nderuar,

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, trupi më i lartë i Bashkësisë, më 04 korrik, 2014, e mbajti seancën e tretë në të cilën diskutoi për rezultatet, sfidat dhe prioritetet e zhvillimit të komunave, që u arritën në vitin e kaluar dhe në gjashtë muajt e këtij viti. U përmend se, rritja e numrit të shërbimeve elektronike që BNJVL u'a siguroi komunave, veçanërisht vendosja dhe mbajtja e sistemit për dhënien e lejeve ndërtimore në mënyrë elektronike, paraqiste një ndër sukseset më të rëndësishme të BNJVL-së në këtë periudhë. Përforcimi i kapaciteteve të administratës komunale, përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, me qëllim sigurimi të kryerjes sa më kualitative të kompetencave të besuara, gjithashtu u përmend si një aktivitet mjaft të rëndësishëm të BNJVL-së në dobi të komunave. Të pranishmit diskutuan për sfidat me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale, me ç'rast parashtruan propozime të rëndësishme, ndërsa kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, në këtë seancë e potencoi rëndësinë për kryerjen e obligimit nga ana e çdo komune, lidhur me pagesën në kohë të anëtarësimit të këtij viti ndaj BNJVL-së. Si mysafirë në seancë, u ftuan ministri i sapo emëruar për vetëqeverisje lokale, Lirim Shabani dhe ambasadori i Zvicrës në vend, E.T. Stefano Llazaroto, të cilët i'u drejtuan delegatëve.

Gjatë muajit korrik, BNJVL organizoi edhe aktivitete tjera. U firmos Memorandumi për bashkëpunim midis BNJVL-së dhe Këshillit inspektiv. Qëllimi është të ndihmohen në rritjen e shkallës së koordinimit të ndërsjelltë të shërbimeve inspektive në drejtim të sigurimit të respektimit më të madh të ligjeve nga lëmia e veprimtarive komunale, ndërtimtarisë, urbanizmit, mbrojtjes së mjedisit natyror, sporti, turizmi dhe tregtia.

Më 17 korrik, 2014, u firmos marrëveshje midis Ministrisë për financa – Drejtorisë për punë pronësore-juridike dhe BNJVL-së lidhur me dhënien e softuerit për ankand elektronik për zbatimin e procedurës për shitje dhe dhënie me qira të sendeve të patundshme dhe të tundshme, BNJVL do të menaxhojë dhe do t'a mbajë sistemin, në emër të komunave. Tashmë filluan përgatitjet për procedurën për furnizim publik për avancim dhe mbajtjen e këtij aplikacioni softuerik, me ç'rast do të sigurohet përshtatja e tij për nevojat e komunave, ndërsa pastaj komunat do të informohen për mundësitë për shfrytëzimin e tij.

Bogdanci, Gazi Baba, Prilepi dhe Qyteti i Shkupit janë katër njësitë e pushtetit lokal në vendin tonë të cilat janë paraqitur në konkursin për pjesëmarrje në Programin ,,Çertifikim i komunave me qarkim të volitshëm afarist në Evropën Juglindore - BFC SEE " që të marrin çertifikatë rajonale për qarkim të volitshëm afarist. Në periudhë prej 6 muajsh, deri në një vit, këto do të kalojnë në një proces të ndërlikuar dhe kompleks për marrjen e çertifikatës në fjalë. Aktivitetet preliminare do të fillojnë nga fundi i muajit gusht, kur përfaqësuesit e administratës nga këto katër njësi të pushtetit lokal do të informohen më konkretisht me të gjitha 12 kriteret dhe me mënyrën e plotësimit të tyre lidhur me marrjen e standardeve të nevojshme, ndërsa diku në muajin shtator zyrtarisht do të firmosen kontratat. Në vendin tonë, tashmë është realizuar pilot-faza nga programi në fjalë, në të cilin morrën pjesë katër komuna, ndërsa çertifikata morrën komuna e Velesit dhe e Strumicës.

Në muajin korrik u organizuan edhe aktivitete tjera të pushtetit lokal, përkrahur nga BNJVL, për të cilat mund që më gjërësisht të lexoni në numrin e Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,<br>
Dushica Perishiq<br>
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033 / факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема - Мехмети
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење - Европа 92
Лекторира - Момент мал; Превод - Арта Абази, Висар Полику и Валентина Трајко

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema - Mehmeti
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Dizajnim, përgatitje për shtyp dhe shtypje - Evropa 92
Lektoron – Moment mall; Përkthim – Arta Abazi, Visar Poliku dhe Valentina Trajko

# БОГДАНЦИ, ГАЗИ БАБА, ПРИЛЕП И ГРАД СКОПЈЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО РЕГИОНАЛНИОТ СЕРТИФИКАТ ЗА ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ (BFC SEE)

# BOGDANCI, GAZI BABA, PRILEPI DHE QYTETI I SHKUPIT, TË INTERESUAR PËR MARRJEN E ÇERTIFIKATËS RAJONALE PËR QARKIM TË VOLITSHËM AFARIST (BFC SEE)

Богданци, Гази Баба, Прилеп и градот Скопје се четирите единици на локална власт во нашата земја, што покажаа интерес да се стекнат со регионалниот сертификат за поволно деловно опкружување и се пријавија на огласот за учество во регионалната програма ,, Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа - BFC SEE “. Јавниот повик беше објавен во три дневни весници: „Коха“, „Вечер“ и „Дневник“, на 17 мај, 2014 година, од страна на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС и Сојузот на стопанските комори на РМ (ССК), како партнерски организации во BFC SEE националното сертификационо тело на Република Македонија и Регионалниот совет за поволно деловно опкружување на Југоисточна Европа, како и на веб страниците на овие организации. Овие четири кандидати ја потврдија нивната стратегиска определба да обезбедат квалитетна општинска услуга, преку развиените административни капацитети и да ја подобрат деловната клима, да привлечат инвестиции и да го стимулираат локалниот економски развој. Всушност, учесниците во Програмата BFC SEE добиваат можност да се стекнат со регионален ранг на конкурентност за оценување на квалитетот на услугите кои им ги нудат на инвеститорите и стопанствениците, конкретни насоки за унапредување на деловната работа, овозможување полесни услови, активна промоција, како и можност да учествуваат во регионалната размена на најдобри практики.

Во период од шест месеци, до една година, Богданци, Гази Баба, Прилеп и градот Скопје треба да минат низ сложен и комплексен процес за стекнување на сертификатот. Во рамките на јавниот повик беа изнесени основните критериуми по кои ќе се евалуира капацитетот на кандидатите за програмата за сертификација. Секоја заинтересирана општина имаше можност, преку пополнувањето на прашањата во пријавата, кои беа формулирани на начин да се даде првична проценка за степенот на подготвеноста на општината за реално исполнување на критериумите, да изврши самопроценување на нејзината подготвеност за исполнување на потребните критериуми.

Прелиминарните активности започнуваат кон крајот на месец август, кога во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, претставници од администрацијата од овие четири единици на локална власт ќе бидат поконкретно запознаени со сите 12 критериуми и со начинот на нивното исполнување за стекнување на потребните стандарди. Некаде во месец




Bogdanci, Gazi Baba, Prilepi dhe Qyteti i Shkupit janë katër njësitë e vetëqeverisjes lokale në vendin tonë, që çfaqën interesim të marrin çertifikatë rajonale për qarkim të volitshëm afarist dhe u paraqitën në konkurs për pjesëmarrje në programin ,,Çertifikim i komunave me qarkim të volitshëm afarist në Evropën Juglindore - BFC SEE“. Thirrja publike u shpall në tri gazeta ditore: ,,Koha”, ,,Veçer” dhe ,,Dnevnik”, më 17 maj, 2014, nga ana e Bashkësisë së njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL dhe Lidhja e odave ekonomike të RM (LOE), si organizata partnere në BFC SEE trupi nacional çertifikues i Republikës së Maqedonisë dhe Këshillit rajonal për qarkim të volitshëm afarist në Evropën Juglindore, si dhe në ueb faqet e këtyre organizatave. Këta katër kandidatë e vërtetuan përcaktimin e tyre strategjik të sigurojnë shërbim kualitativ komunal, përmes një administrate të zhvilluar dhe t'a përmirësojnë klimën afariste, të tërheqin investime dhe t'a stimulojnë zhvillimin ekonomik lokal. Në të vërtetë pjesëmarrësve në Programin BFC SEE u jepet mundësia të marrin rang rajonal të konkurrencës për vlerësim të kualitetit të shërbimeve të cilat u'a ofrojnë investitorëve dhe afaristëve, kahje konkrete për avancim në punën afariste, mundësimi i kushteve më të lehta, promovim aktiv, si dhe mundësi të marrin pjesë në shkëmbimin rajonal për praktika më të mira.

Në periudhën prej 6 muaj, deri në një vit, Bogdanci, Gazi Baba, Prilepi dhe Shkupi, duhet të kalojnë në një proces të ndërlikuar dhe kompleks për marrjen e çertifikatës në fjalë. Në kuadër të thirrjes publike u parashtruan kriteret kryesore mbi të cilat do të evaluohet kapaciteti i kandidatëve për programin për çertifikim. Çdo komunë e interesuar pati mundësi që përmes plotësimit të pyetjeve në fletëparaqitje, të cilat u formuluan në mënyrë të jepet vlerësim parësor për shkallën e përgatitjes së komunave për plotësim real të kritereve, të kryhet vetëvlerësim i përgatitjes së saj lidhur me plotësimin e kritereve të nevojshme.

Aktivitetet preliminare filluan nga fundi i muajt gusht, kur në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, përfaqësuesë nga administrata e këtyre katër njësive të pushtetit lokal do të informohen më konkrektisht me të gjitha 12 kriteret dhe me mënyrën e plotësimit të tyre për marrjen e standardeve të nevojshme. Diku nga muaji shtator do të aderohet me fillimin e mbarë procesit kur zyrtarisht

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ПРОЦЕСОТ НА СЕРТИФИКАЦИЈАТА

Сертификацијата на општината претставува исполнување на одредени стандарди, утврдени во 12 критериуми и е гаранција дека постојните стопанственици и потенцијалните инвеститори добиваат услуги и информации на начин што им ги олеснува работите кои се во надлежност на локалната самоуправа. Сертификатот е потврда дека општината се стекнала со сите предуслови кои претставуваат одредена сигурност за инвеститорот дека ќе добие ефикасна и ефективна услуга од општинската администрација за разработување на неговите потреби за вложување. Ова е од особено значење во услови кога локалната власт во нашата земја има важна улога, како непосреден креатор на локалната економија, каде особен придонес има законската можност за управување со градежното неизградено земјиште, што беше обезбедено со интензивното лобирање од страна на ЗЕЛС.

септември ќе се пристапи кон започнување на целокупниот процес, кога официјално, секоја од овие четири ЕЛС , поединечно ќе потпише договор со Националното сертификационо тело за BFC SEE на Република Македонија-НСТРМ (мрежа од два субјекта – ЗЕЛС и ССК) за вклучување во Програмата за сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа - BFC SEE. Во рамките на НСТРМ, во завршна фаза е и утврдувањето на тимот на евалуатори за Програмата, кои ќе ги насочуваат претставниците од општинската администрација, во процесот на стекнувањето на сертификатот. Во мај, оваа година, беше спроведена обуката за евалуатори, по што се реализира и писмена проверка (испитот) на стекнатите знаења.

Програмата за сертификација за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)) е единствена регионална програма за унапредување на конкурентноста на локалните самоуправи која се спроведува во Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија. Програмата е наменета за општините кои имаат соодветен капацитет и стратегиски се определиле да ја подобрат деловната клима, да привлечат инвестиции и да го стимулираат локалниот економски развој. Всушност, Програмата за сертификација претставува единствена иницијатива во регионот на Југоисточна Европа која влијае на креирање на побрза и поефикасна администрација, која треба да ги отстрани пречките за забрзаниот развој на стопанството, да овозможи подобри резултати во привлекувањето на домашни и странски инвестиции и воведувањето на нови технологии, креирање на нови работни места и модернизација на општеството. Ваквите иницијативи се важни и за создавање на добра репутација на регионот, во време кога сите земји вложуваат значајни напори за економски развој. Република Македонија е првата од партнерските земји (Хрватска и Босна и Херцеговина) која се акредитира за спроведување на процесот на BFC SEE сертификација во земјава. Во нашата земја, веќе е реализирана пилот –фаза од оваа програма, во која учествуваа четири општини, а со сефтификат се стекнаа општина Велес и општина Струмица. Проектот е поддржан од Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – Подобрување на општински услуги при Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), финансиран од Германското сојузно министерство за соработка и развој.

## ÇKA PARAQET PROCESI I ÇERTIFIKIMIT

Çertifikimi i komunave paraqet plotësim të standardeve të caktuara, të përcaktuara në 12 kritere dhe është garancë se afaristët dhe investitorët potencialë marrin shërbime dhe informacione në mënyrë që u'a lehtëson punët të cilat janë në kompetencë të vetëqeverisjes lokale. Çertifikata është vërtetim se komuna ka marrë të gjitha parakushtet të cilat paraqesin siguri të caktuar për investitorët se do të merr shërbim efikas dhe efektiv nga administrata komunale për përpunimin e nevojave të tyre për investime. Kjo është mjaft e rëndësishme në rast kur pushteti lokal në vendin tonë ka një rol të rëndësishëm, si kreator i drejtpërdrejtë i ekonomisë lokale, ku kontribut të veçantë ka mundësia ligjore për menaxhim me tokën e pandërtuar ndërtimore që u sigurua me lobim intensiv të BNJVL-së.

çdonjëra nga këto katër komuna, individualisht do të firmosë kontratë me Trupin Nacional çertifikues për BFC SEE të Republikës së Maqedonisë (rrjet i dy subjekteve – BNJVL dhe LOE) për përfshirje në programin për çertifikim të komunave me qarkim të volitshëm afarist në Evropën Juglindore - BFC SEE. Në kuadër të TNÇRM, në fazë përfundimtare është edhe përcaktimi i ekipit të evaluatorëve për programin në fjalë, të cilët do t'i drejtojnë përfaqësuesit nga administrata komunale, në procesin e marrjes së çertifikatës. Në maj, të këtij viti, u zbatua trajnim për evaluatorë, me ç'rast u realizua edhe kontrolli (provimi) me shkrim të diturive të marra.

Programi për çertifikim të volitshëm afarist në Evropën Juglindore (Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)) është programi i vetëm rajonal për menaxhim me konkurencën e vetëqeverisjeve lokale që zbatohet në Maqedoni, Kroaci, Bosnjë dhe Hercegovinë dhe Serbi. Programi është dedikuar për komunat të cilat kanë kapacitet adekuat dhe në mënyrë strategjike janë caktuar t'a tërheqin klimën afariste, të tërheqin investime dhe t'a stimulojnë zhvillimin ekonomik lokal. Në të vërtetë Programi për çertifikim paraqet iniciativë të vetme në rajonin e Evropës Juglindore, që ndikon në krijimin e një administrate më të shpejtë dhe më efikase që duhet t'i shmangë pengesat për zhvillim të përshpejtuar të ekonomisë, të mundësojë rezultate më të mira në tërheqjen e investimeve vendore dhe të huaja dhe vendosjen e teknologjive të reja, krijimin e vendeve të reja të punës dhe modernizimi i shoqërisë. Iniciativat e këtilla janë të rëndësishme edhe për krijimin e reputacionit të mirë në rajon, në periudhë kur të gjitha vendet investojnë përpjekje të rëndësishme për zhvillim ekonomik. Republika e Maqedonisë është e para nga vendet partnere (Kroacia dhe Bosnja dhe Hercegovina) që akreditohet për zabtimin e procesit të çertifikatës BFC SEE në vend. Në vendin tonë, tashmë është realizuar pilot – faza nga ky program, në të cilin morrën pjesë katër komuna, ndërsa çertifikata morrën komuna e Velesit dhe komuna e Strumicës. Projekti përkrahet nga Fondi i hapur rajonal për Evropën Juglindore-Përmirësimi i shërbimeve komunale pranë Shoqërisë Gjermane për bashkëpunim internacional (GIZ), i financuar nga Ministria federale e Gjermanisë për bashkëpunim dhe zhvillim.




# ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗЕЛС И ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ

# U FIRMOS MEMORANDUM PËR BASHKËPUNIM MIDIS BNJVL-SË DHE KËSHILLIT INSPEKTIV

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски и претседателот на Инспекцискиот совет, Ванчо Каргов, на трети јули, 2014 година, во просториите на ЗЕЛС, потпишаа Меморандум за взаемна соработка.

Меморандумот има за цел унапредување на инспекцискиот надзор и обезбедување на поголема превенција во почитувањето на законодавството, за да не се нанесува штета на финансиските и економските интереси на општините и на државата. Преку оваа соработка се очекува да се овозможи подигање на нивото на взаемната соработка во обезбедувањето на поголемо почитување на законите од областа на комуналните дејности, градежништвото, урбанизмот, заштитата на природната средина, спортот, образованието, туризмот и трговијата.

Преку соработката меѓу ЗЕЛС и Инспекцискиот совет треба да се влијае на зголемувањето на степенот на меѓусебната координација на инспекциските служби, на локално и на државно ниво и зајакнувањето на административните капацитети на овие служби. Се предвидува заедничко анализирање и на можностите за унапредување на поголем број на законски и подзаконски акти, взаемно координирање на активностите, размена на искуства, методи и техники за вршење инспекциски надзор помеѓу единиците на локална самоуправа и инспекторатите, потоа воведување нови методи и техники за вршење инспекциски надзор, како и организирање прием и постапување по примени жалби, поплаки и претставки.

Од особена важност е утврдувањето на прецизно разграничување на надлежностите на овластените инспектори и инспекторите и организирано информирање на граѓаните и јавноста за надлежностите, како и организирање заедничко оценување на системите и резултатите од оценувањето на успешноста и ефективноста од инспекцискиот

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski dhe kryetari i Këshillit inspektiv, Vanço Kargov, më tre korrik të vitit 2014, në hapësirat e BNJVL-së, firmosën Memorandum për bashkëpunim të ndërsjellë.

Memorandumi ka për qëllim avancimin e mbikëqyrjes inspektive dhe sigurimin e prevenimit më të madh në respektimin e legjislacionit, që të mos dëmtohen interesat financiare dhe ekonomike të komunave dhe të shtetit. Nëpërmjet këtij bashkëpunimi pritet që të mundësohet ngritja e nivelit të bashkëpunimit të ndërsjellë në sigurimin e respektimit më të madh të ligjeve nga lëmia e veprimtarive komunale, ndërtimtarisë, urbanizmit, mbrojtjes së mjedisit natyror, sportit, arsimit, turizmit dhe tregtisë.

Nëpërmjet bashkëpunimit ndërmjet BNJVL-së dhe Këshillit inspekiv duhet të ndikohet mbi zmadhimin e nivelit të koordinimit të përbashkët të shërbimeve inspektiv, në nivel lokal dhe shtetëror dhe përforëcimin e kapaciteteve administrative të këtyre shërbimeve. Është paraparë analizim i përbashkët i mundësive për përparimin e numrit më të madh të akteve ligjore dhe nënligjore, koordinim i përbashkët i aktiviteteve, shkëmbim i përvojave, metodave dhe teknikave për zbatimin e mbikëqyrjes inspektiv, ndërmjet njësive të vetëqeverisjes lokale dhe inspektorateve, më tej organizimi dhe vendosja e metodave dhe teknikave për zbatimin e mbikëqyrjes inspektive, si dhe organizimi, pranimi dhe veprimi mbi ankesat, parashtresave të arritura. Rëndësi të veçantë ka përcaktimi i përkufizimit të qartësuar të kompetencave të inspektorëve të autorizuar dhe inspektorateve edhe informimi i organizuar i qytetarëve dhe publikut për kompetencat, si edhe organizimi i vlerësimit të përbashkët të sistemeve dhe rezultateve nga vlerësimi i suksesit dhe

надзор, како на инспекциските служби, така и поединечно за секој инспектор и овластен инспектор.

При потпишувањето на Меморандумот, беа изнесени одредени актуелни состојби, меѓу кои дека се утврдени нелиценцирани туристички водичи, што е во надлежност на овластените инспектори од општините. За подетално разгледување на оваа состојба беше иницирано свикување на заеднички состанок, меѓу претставници од инспекцискиот совет и овластени инспектори од општините од оваа област.



Инспекциски совет е ново правно тело, утврдено со Законот за инспекциски надзор, кое има надлежности да се грижи за квалитетот на работата на инспекциските служби и квалитетот на работата на секој инспектор поединечно. Ова ново правно тело треба да воспостави стандарди за работа на инспекциските служби, да ги хармонизира постапките за вршење на инспекцискиот надзор и да ги регулира правата и обврските на инспекторите и на субјектите на надзорот, да ја регулира организацијата и раководењето на инспекциските служби преку следење на финансиското работење, кадровската и техничката екипираност. Исто така, ова тело треба да воспостави стандарди за етичко и професионално однесување на инспекторите, да ги следи најновите светски трендови во областа на инспекциските постапки, да воспостави меѓународна соработка и да работи на усогласување на националната со европската легислатива од областа на инспекцискиот надзор.

## ОБУКА ЗА АДЕКВАТНА ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Членови на Мрежата на одговорни лица од општините за управување со човечки ресурси, при ЗЕЛС, на четврти јули, 2014 година, проследија еднодневна обука, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Обуката ја реализираа претставници од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) : Бранка Коцевска и Владимир Анчев, кои ги запознаа присутните со стандардите за управување со човечки ресурси во организационите единици и постапката за



efektivitetit të mbikëqyrjes inspektive, si të shërbimeve inspektive po ashtu dhe individualisht për secilin inspektor dhe inspektor të autorizuaar.

Gjatë firmosjes së Memorandumit, u shprehën situata të caktuara, mes të cilave janë përcaktuar udhëzues turistikë të paliçencuar, kompetencë e inspektorëve të autorizuiar nga komunat. U dakordua që javën e ardhshme të thirret dhe takimi i parë, midis përfaqësuesve nga këshilli dhe inspektorëve të autorizuar nga komunat nga kjo lëmi.

Këshilli inspektiv është trupi i ri inspektiv, i përcaktuar me Ligjin për mbikëqyrje inspektive, i cili ka kompetenca që të kujdeset për cilësinë e punës së shërbimeve inspektive dhe cilësinë e punës për çdo inspektor individualisht. Ky trup i ri juridik duhet të vendosë standarde për punën e shërbimeve inspektive, t'i harmonizojë procedurat për zbatimin e mbikëqyrjes inspektive dhe t'i rregullojë të drejtat dhe përgjegjësitë e inspektorëve dhe subjekteve të mbikëqyrjes, t'a regullojë organizimin dhe udhëheqjen e shërbimeve inspektive nëpërmjet ndjekjes së punës financiare, ekipimit teknik dhe të kuadrove. Gjithashtu, ky trup duhet të vendosë standarde për sjelljen etike dhe profesionale të inspektorëve, t'i ndjekë tendencat e fundit botërore në lëminë e procedurave inspektive, të vendosë bashkëpunim ndërkombëtar dhe të punojë për harmonizimin e legjislacionit nacional me atë evropian në lëminë e mbëkëqyrjes inspektive.

## TRAJNIM PËR ZBATIM ADEKUAT TË STANDARDEVE PËR MENAXHIM ME RESURSET NJERËZORE NË PUSHTETIN LOKAL

Anëtarët e Rrjetit të personave përgjegjës nga komunat për menaxhim me resurset njerëzore pranë BNJVL-së, më 04, korrik, 2014, ndoqën trajnim njëditor në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Trajnimin e realizuan përfaqësuesë nga Ministria për shoqëri informatike dhe administratë (MSHIA): Branka M. Kocevska dhe Vlladimir Ançev, të cilët i njohën të pranishmit me standardet për menaxhim me resurset njerëzore në njësitë organizative dhe



нивна изработка, при што го претставија и второто публикувано издание на МИОА „Стандарди за управување со човечки ресурси". Беше потенцирано дека за да се унапреди работата на одделенијата за човечки ресурси и да се придонесе кон етаблирање ефективен систем за управување со човечки ресурси потребно е да се утврдат и изработат стандардите за управување со човечки ресурси. Се дискутираше за улогата и одговорностите на организационите единици за УЧР во општините, односно за нивните стратешки активности кои придонесуваат во развојот на човечкиот капитал во една организација, со што индиректно се влијае на целокупниот развој и на резултатите на локалната власт. Стана збор и за утврдувањето на најсоодветен начин на поставување на ваква организациона единици, како и за компетенциите на вработените и нивното утврдување. Притоа, беше потенцирано дека новиот Закон за администрација треба да придонесе за поефикасно уредување на оваа област, особено за компетенциите и стратешкото планирање, преку користење на досие за резултатите на институцијата. За професионалниот развој и важноста за следење на адекватни обуки на вработените потребна е и изработка на индивидуални планови за обука, како и правилно планирање на обуките кои треба да бидат во согласност со работното место на вработениот. Претставниците од локалната власт ги изнесоа своите искуства на оваа тема, односно говореа за тоа какво е сегашното планирање на обуките во општините и одвојувањето на средства за специјализирани обуки, во согласност со утврдените потреби.

Одговорните лица за управување со човечки ресурси од Мрежата при ЗЕЛС, посветија внимание на новиот Закон за администрација, особено на одредбите кои се однесуваат на оценувањето. Притоа, беа изнесени новините и начинот на оценување по „360 степени фидбек". Според интересирањето на присутните за оценувањето, наградувањето, компетенциите, но и други области кои се уредуваат со новиот Закон за администрација , од септември се предвидени дополнителни обуки, сè со цел обезбедување на поголема подготвеност за адекватна примена на Законот кој ќе стапи на сила од февруари, 2015 година.

Како дел од стандардите претставени во публикацијата на МИОА се говореше и за селекцијата при вработување и за фазите низ кои треба да ги помине еден кандидат за државен службеник, пред да се вработи, а тоа е: менторство, воведна обука и воведно интервју. Потоа беше даден акцент и на потребата од делегирање на задачи, развојот на кариерата, како и неопходноста од правилна внатрешна комуникација во организацијата како основа за правилно управување со вработените. Не помалку важни се и одговорностите на вработените, како и етиката во администрацијата, за што има посебни поглавја во публикацијата. За нив, како што беше кажано, треба



procedura për hartimin e tyre, me ç'rast e paraqitën edhe botimin e dytë të MSHIA „Standardet për menaxhim me resurse njerëzore". U potencua se që të avancohet në punën e seksioneve për resurse njerëzore dhe të kontribuohet ndaj etablimit të sistemit efektiv për menaxhim me resurset njerëzore është e nevojshme të përcaktohen dhe hartohen standarde për menaxhim me resurset njerëzore. U diskutua edhe mbi rolin dhe përgjegjësitë e njësisë organizative të MRNJ, respektivisht për aktivitetet e tyre strategjike të cilat kontribuojnë në zhvillimin e kapitalit njerëzor në një organizatë, ndërsa me këtë në mënyrë indirekte ndikojnë në zhvillimin e përgjithshëm dhe rezultatet e pushtetit lokal. U diskutua edhe për mënyrat si të menaxhohet me resurset njerëzore dhe si duhet të jetë, për kompetencat e të punësuarve dhe si të njejtat duhet të përcaktohen. Pastaj u përmend se me Ligjin e ri për administratë duhet të kontribuohet ndaj një rregullimi më efikas në këtë lëmi-kompetencat dhe planifikimi strategjik me shfrytëzimin e dosjes së rezultateve të institucionit. Për rëndësinë e trajnimit dhe zhvillimit profesional të çdo të punësuari dhe nevoja nga hartimi i planeve individuale për trajnim, si dhe planifikimi i rregullt i trajnimeve të cilat duhet të jenë konform vendit të punës të të punësuarit. Në këtë nëntemë u zhvillua diskutim për atë si planifikohen dhe organizohen trajnimet në komuna dhe u rekomandua të theksohet nevoja te personat përgjegjës nga planifikimi i drejtë i trajnimeve dhe ndarja e mjeteve për trajnimet e specializuara konform nevojave të përcaktuara

Personat përgjegjës për menxhim me resurse njerëzore nga Rjeti pranë BNJVL-së, i kushtuan vëmendje Ligjit të ri për administratë, veçanërisht ndaj dispozitave të cilat kanë të bëjnë me vlerësimin. Pastaj u përmendën risitë të cilat i bart ky ligj i ri dhe mënyra e vlerësimit mbi "360 shkallë fidbek". Për risinë për vlerësim, shpërblim, kompetenca por edhe lëmenjë tjera të cilat rregullohen me Ligjin e ri për adminisratë do të organizohen trajnime nga shtatori, i këtij viti me qëllim të njohjes të të njejtave para hyrjes në fuqi të Ligjit nga shkurti, 2015.

Si pjesë e standardeve të paraqitura në botim u diskutua edhe për selektimin dhe për punësimin, lidhur me fazat të cilat duhet t'i kalojë një nëpunës para se të punësohet, ndërsa këto janë: mentorimi, trajnimi hyrës dhe intervista fillestare. Pasat theks i'u vendos edhe nevojës nga delegimi i detyrave, zhvillimi i karierës, si dhe domosdoshmëria nga komunikimi i brendshëm në organizatë si bazë për menaxhim të drejtë me të punësuarit. Jo më pak të rëndësishme janë edhe përgjegjësitë e të punësuarve, si dhe etika në administratë, me ç'rast ka kapituj të veçantë në publikim. Për këto, siç u theksua duhet që në nivel vjetor



на годишно ниво да се организираат генерички обуки, со цел реафирмирање на значењето од истите кои придонесуваат за ефикасно и ефективно работење во организацијата. Соработката и контактите меѓу претставниците од МИОА и учесниците ќе продолжи и по завршувањето на обуката во насока на разјаснување на дополнителни дилеми или предизвици со кои се соочуваат локалните власти во секојдневното работење, а што се однесуваат на примената на стандардите. ЗЕЛС во следниот период, исто така, продолжува со соработката со МИОА, а едно од полињата ќе биде посветено на делот на управување со човечките ресурси во општините и соодветното применување на новиот Законот за администрација, од февруари следната година.

*Електронскиот систем за јавно надавање, отстапен на ЗЕЛС*

## ЗЕЛС ЌЕ УПРАВУВА И ЌЕ ГО ОДРЖУВА СИСТЕМОТ, ВО ИМЕ НА ОПШТИНИТЕ

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија- ЗЕЛС обезбеди уште еден софтвер за електронски услуги што ќе го користат нејзините членки-општините. Станува збор за софтвер за електронско јавно надавање за спроведување на постапка за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари, што Министерството за финансии- Управа за имотно правни работи, му го отстапи на користење на ЗЕЛС. На 17 јули, 2014 година, беше потпишан договор меѓу двете страни, во кој беше утврдено дека ЗЕЛС го добива и изворниот код и целокупната техничка документација за апликативното решение, согласно со Законот за користење и располагање со ствари на државни органи. ЗЕЛС ќе управува и ќе го одржува електронскиот систем за јавно наддавање, во име на општините. Овој софтвер ЗЕЛС може да го надградува за свои цели, односно, да го измени или дополни изворниот код на апликативното решение, без ограничување од Министерството за финансии. Во тој контекст, ЗЕЛС веќе започна постапка за јавна набавка за надградба и за одржување на оваа софтверска апликација, со што ќе се обезбеди негово прилагодување кон потребите на општините, а потоа ќе ги информира општините за можностите за негово користење.

Ова претставува уште еден чекор во реализирањето на едена од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на своите членки на патот на создавање на ,, е- општина“. Примената на ИКТ на локално ниво го унапредува квалитетот на услугите што ги нуди општината и истовремено ги намалува трошоците. Во просториите на ЗЕЛС, пред неколку години, подигнат е систем за електронски услуги, што се одржува во име на сите општини и континуирано се надградува. Во текот на минатата година, ЗЕЛС обезбеди три нови електронски алатки за подобрување на услугите на општините за граѓаните: софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежно земјиште, (www.rdgz.mk); систем за електронско издавање на дозволи за градба (www.gradezna-dozvola.mk), и третата е www.ekoloska-dozvola.mk), систем за издавање на Б-ИСКЗ дозволи и елаборати, со регистар на дозволи и елаборати. Од почетокот на оваа година, обезбедена е и веб софтверска апликација за електронско водење на прекршочната постапка, во согласност со Законот за јавна чистота и надзор.

të organizohen trajnime gjenerike me qëllim riafirmimi të rëndësisë nga të njejtat të cilat kontribuojnë në punën efikase dhe efektive të organizatës. Bashkëpunimi dhe kontaktet midis përfaqësuesve të MSHIA dhe pjesëmarrësve do të vazhdojë edhe pas përfundimit të trajnimit në drejtim të qartësimit të dilemave plotësuese ose sfdiave me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale në punën e përditshme, ndërsa që kanë të bëjnë me zbatimin e standardeve. BNJVL në periudhën e ardhshme, gjithashtu vazhdon me bashkëpunimin e MSHIA, ndërsa një ndër fushat do t'i dedikohet pjesës së menaxhimit me resurset njerëzore në komunë dhe zbatimit adekuat të Ligjit të ri për administratë, nga shkurti vitin e ardhshme.

*Sistemi elektronik për ankand publik i'u dha BNJVL-së*

## BNJVL DO TË MENAXHOJË DHE DO T'A MBAJË SISTEMIN, NË EMËR TË KOMUNAVE

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë-BNJVL siguroi edhe një softuer për shërbime elektronike që do t'a shfrytëzojnë anëtaret e saj-komunat. Bëhet fjalë për softuer për ankand publik lidhur me zbatimin e procedurës për shitje dhe dhënie me qira të sendeve të patundshme dhe të tundshme, që Ministria për financa-Drejtoria për punë pronësore juridike, i'a dha BNJVL-së. Më 17 korrik, 2014, u firmos kontratë midis dy palëve, në të cilën u përcaktua se BNJVL merr edhe kodin burimor dhe dokumentacion të përgjithshëm teknik për vendim aplikues, konform Ligjit për shfrytëzim dhe disponim të sendeve të organeve shtetërore. BNJVL do të menaxhojë dhe do t'a mbajë sistemin elektronik për ankand publik në emër të komunave. Këtë softuer BNJVL mund t'a avancojë për qëllimet e saj, respektivisht, t'a ndryshojë ose plotësojë kodin burimor të vendimit aplikues, pa kufizim nga Ministria për financa. Në këtë kontekst, BNJVL tashmë filloi procedurën e ankandit publik për avancim dhe mbajtje të këtij aplikacioni softuerik, me ç'rast do të sigurohet përshtatja e tij për nevojat e komunave, ndërsa pastaj do t'i informojë komunat për mundësitë për shfrytëzimin e tij.

Kjo paraqet edhe një hap në realizimin të edhe një qëllimi strategjik prioritar të BNJVL-së, ndërsa pastaj është përkrahje e anëtareve të saj në drejtim të krijimit të ,,e-komunës”. Zbatimi i TIK në nivel lokal e avancon kualitetin e shërbimeve që i ofron komuna dhe njëkohësisht i zvogëlon shpenzimet. Në hapësirat e BNJVL-së, para disa vitesh u ngre sistem për shërbime elektronike, që mbahet në emër të të gjitha komunave dhe në vazhdimësi avancohet. Gjatë vitit të kaluar, BNJVL siguroi tri vegla të reja elektronike për përmirësimin e shërbimeve të komunave për qytetarët: aplikacioni softuerik për ndjekje të afateve nga kontratat e lidhura për tjetërsim të tokës ndërtimore (www.rdgz.mk); sistemi për dhënie elektronike të lejeve për ndërtim (www.gradezna-dozvola.mk), dhe i treti www.ekoloska-dozvola.mk), sistemi për dhënien e lejeve B-PIKN dhe elaborateve, me regjistër të lejeve dhe elaborateve. Nga fillimi i këtij viti, u sigurua edhe aplikacioni softuerik ueb i bazuar për mbajtje elektronike të procedurës kundërvajtëse, konform Ligjit për higjienë publike dhe mbikëqyrje.



# ИЗДАВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНИ ДОЗВОЛИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ - ПОЗНАЧАЕН УСПЕХ НА ЗЕЛС ВО 2013 ГОДИНА

# DHËNIA E LEJEVE PËR NDËRTIM NË MËNYRË ELEKTRONIKE - SUKSES MË I RËNDËSISHËM I BNJVL-SË NË VITIN 2013

На 4 јули, 2014 година, во хотелот „Александар палас" во Скопје, Генералното собрание на ЗЕЛС ја одржа третата седница. – „ Денес ќе одржиме уште една седница на највисокото тело на ЗЕЛС, на која сите заедно ќе подискутираме за резултатите, предизвиците и приоритетите во развојот на општините што ги постигнавме минатата и дел од оваа година. Сметам дека во континуитет постигнуваме напредок и јас лично сум задоволен, особено кога ќе погледнеме каде бевме пред девет години, кога на 1 јули во 2005 година започнавме со имплементацијата на процесот на децентрализацијата и каде сме сега. Сметам дека во голем процент напредокот е резултат на бројните активности што ги реализираме преку ЗЕЛС, каде сите обединети и единствени работиме на унапредување на овој процес и на квалитетно извршување на доверените надлежности." Ова, на почетокот од своето обраќање, го истакна Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС, пред присутните делегати- градоначалници, како и пред поканетите гости, министерот за локална самоуправа Лирим Шабани и амбасадорот на Швајцарија во на-



Më 04 korrik, 2014, në hotelin ,,Aleksandar Pallas" në Shkup, Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, e mbajti seancën e tretë – Sot do të mbajmë një seancë e trupit më të lartë të BNJVL-së, në të cilin gjithë së bashku do të diskutojmë për rezultatet, sfidat, prioritetet dhe për zhvillimin e komunave. Konsideroj se në vazhdimësi arrijmë avancim dhe unë personalisht jam i kënaqur, veçanërisht kur vërejmë se ku kemi qënë përpara nëntë viteve, kur më "1 korrik" të vitit 2005 filluam me implementimin e procesit të decentralizimit dhe ku gjendemi tani. Mendoj se përqindja më e madhe e avancimit është rezultat i aktiviteteve të realizuara nëpërmjet BNJVL-së, ku të gjithë të bashkuar dhe unikë punojmë për avancimin e këtij procesi dhe për zbatimin cilësor të obligimeve të besuara". Këtë e theksoi Koce Trajanovski, kryetar i BNJVL-së, në fillimin e fjalimit të tij, para delegatëve – kryetarëve të pranishëm, si edhe mysafirëve të ftuar, ministri për vetëqeverisje lokale Lirim Shabani dhe ambasadori i Zvicrës, E.T. Stefano Lazaroto







шата земја, Н.Е. Стефано Лазарото.

Трајановски потсети дека поради спроведувањето на локалните избори во 2013 година и конституирањето на органите на ЗЕЛС, бројот на иницијативи за законски измени и дополнувања, споредено со претходната година е помал, но како позначаен успех за општините во 2013 година го посочи издавањето градежни дозволи по електронски пат. – „Сепак и нави-

Trajanovski kujtoi se vitin e kaluar u realizuan zgjedhjet lokale dhe u konstituan organet e BNJVL-së, që deri diku solli parashtrimin e zvogëluar të iniciativave dhe propozimeve, në krahasim me vitin e kaluar, por si një sukses më i rëndësisjëm për komunat në vitin 2013 e përmendi dhënien e lejeve për ndërtim në mënyrë elektronike - ,, “Megjithatë edhe sukseset në dukje të vogla, theksoi Trajanovski, shkojnë drejt përparimit”,





дум ситните успеси, водат кон напредок“, рече Трајановски по што ги елаборира најзначајните поднесени иницијативи за законски измени, меѓу кои од особено значење се оние во делот на зајакнувањето на електронските услуги за постапкисе предвидени со Законот за градежно земјиште и Законот за градење. ЗЕЛС во 2013 година обезбеди три нови електронски алатки за општините: новата софтверска апликација за електронско из-

me ç'rast, ai i elaboroi iniciativat më të rëndësishme për ndryshimet ligjore të pashtruara nga BNJVL në këtë vit dhe vitin e kaluar. Këtu u theksuan ndryshime në pjesën e përforcimit të shërbimeve elektronike për procedura të parapara me Ligjin për tokë ndërtimore dhe Ligjin për ndërtim. BNJVL në vitin 2013 siguroi tre instrumente të reja elektronike për komunat, mes cilave dhe aplikacioni softuerik për lëshimin elektronik





давање на одобрение за градење, потоа системот за електронско издавање на дозволи за градба и електронскиот систем за издавање на Б-ИСКЗ дозволи и елаборати, со регистар на дозволи и елаборати. Како втора позначајна активност на ЗЕЛС беа посочени активностите на ЗЕЛС тренинг центарот, преку кој се обезбедени соодветни обуки за општинската администрација, како и за претставниците од другите институции кои ќе ги ко-

të lejeve për ndërtim, më pas sistemi për lëshimin elektronik të lejeve për ndërtim dhe sistemi elektronik për lëshimin e B-PIKN lejeve dhe elaborateve, me regjistrin e lejeve dhe elaborateve. Nëpërmjet Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së, janë siguruar trajnime përkatëse për administratën komunale, por edhe për shfrytëzuesit e institucioneve të tjera të cilat i përdorin instrumentet elektronike. U theksuan inicijativat për





ристат електронските алатки. Беа посочени иницијативите за измени и дополнувања во Законот за комунални такси, Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за јавни патишта, Законот за гробишта и погребални услуги, како и Законот за јавна чистота, за кој ЗЕЛС обезбеди софтверска апликација за електронско водење на прекршочна постапка и спроведе обуки за лицата кои ќе го користат софтверот. Се чека Министерството за транспорт да донесе Правилник, по што ќе започне примената на уште едена електронска услуга во локалните власти. ЗЕЛС предложи иницијатива за измени во членот 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, МТВ ја согледа потребата од менување на овој закон и оваа година беше организирана средба со раководителите на секторите и одделенијата за урбанизам од општините, за да ги изнесат сите забелешки и предлози по Законот. Беа доставени иницијативи за измена и дополнување на Законот за даноци на имот, што произлезе по донесувањето на Законот за процена, во насока на усогласувањето на одредбите кои се однесуваат на процена на пазарната вредност при оданочување на недвижен имот. ЗЕЛС се произнесе и по низа правилници, меѓу кои од областа на животната средина и





ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për taksa komunale, Ligjit për transport në qarkullimin rrugor, Ligjit për rrugë publike, Ligjit për varreza dhe shërbime funerale, si dhe Ligjit për higjienë publike, për të cilin BNJVL siguroi aplikacion softuerik për udhëheqjen elektronike të procedurës kundërvajtëse dhe zbatoi trajnime për personat që përdorin këtë softuer. Pritet që Ministria e transportit të miratojë Rregullore, me të cilën do të fillojë zbatimi i edhe një shërbimi elektronik në pushtetet lokale. BNJVL parashtroi iniciativë për ndryshimin e nenit 24 nga Ligji për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për planifikim urbanistik dhe hapësinor, MTL e perceptoi nevojën nga ndryshimi i këtij ligji edhe këtë vit, u organizua takim me udhëheqësit e sektorëve dhe departamenteve për urbanizëm nga komunat, që t'i shprehin vërejtjet dhe propozimet për Ligjin. U dërguan inivciativa për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për tatime mbi pronën, i cili rezultoi nga miratimi i Ligjit për vlerësim, në drejtim të harmonizimit të dispozitave që i dedikohen vlerësimit të vlerës tregtare gjatë tatimimit të pronës së patundshme. BNJVL u shpreh se pas një sërë rregulloreve, mes cilave dhe nga lëmia e mjedisit jetësor dhe menaxhimit rajonal me mbeturina. Veçanërisht u potencuan aktivitetet











регионалното управување со отпад. Особено беа потенцирани активностите околу донесувањето на нови законски одредби и измени по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, каде голем придонес дадоа членовите на Мрежата на територијални противпожарни единици, при ЗЕЛС. Сега, повторно се преземаат активности, кои се насочени кон преиспитување на начинот на распределбата на блок дотациите од буџетот на Република Македонија, наменети за противпожарна заштита што ја вршат ТППЕ, за што е формирана работна група, во која ЗЕЛС има тројца претставници.

Трајановски ги посочи и анализите што ги изработи стручната служба на ЗЕЛС, меѓу кои за предизвиците со кои се соочуваат општините при искористувањето на средствата од ЕУ фондовите, потоа за предизвиците на општините при јавните набавки за огрев за училиштата, за превоз на учениците, за човечките ресурси во противпожарните единици и во културните установи. Говореше и за проектите на ЗЕЛС, во однос на сертифицирањето на форумските модератори, како и за „Регионална сертификација на општините со поволно деловно опкружување", каде две општини се стекнаа со ваков сертификат, а оваа година е распишан конкурс за пријавување на нови заинтересирани општини.

Трајановски истакна дека како и во претходниот период и во 2013 година ЗЕЛС прими поголем број европски делегации, кои сакаат да се информираат за напредокот во областа на децентрализацијата, но и делегации од национални асоцијации кои сакаат да го видат начинот на работење на ЗЕЛС, лобирањето, а особено електронските услуги што општините им ги нудат на граѓаните. За преземање на искуствата од ЗЕЛС во поддршката за електронска дозвола за градба, заинтересираност пока-

rreth sjelljes së dispozitave të reja ligjore dhe ndryshimeve sipas Propozim – Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për zjarrfikësi, ku kontribut më të madh kanë dhënë anëtarët e Rrjetit të njësive territoriale kundër zjarrit, pranë BNJVL. Tani përsëri ndërmerren aktivitete, të drejtuara në rihulumtimin e mënyrës së shpërndarjes së blok – dotacioneve nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, të dedikuara për mbrojtje kundër zjarrit që zbatohet nga NJTZF, me ç'rast është formuar grupi punues, në të cilin BNJVL ka tre përfaqësues.

Trajanovski i theksoi edhe analizat e përpiluara nga shërbimi profesional i BNJVL-së, mes cilave për sfidat me të cilat ballafaqohen komunat gjatë shfrytëzimit të fondeve të BE – së, më tej për sfidat e komunave në furnizimet publike për ngrohjen e shkollave, për transportin e nxënësve, për resurset njerëzore në njësitë kundër zjarrit edhe për institucionet kulturore. Diskutoi edhe për projektet e BNJVL-së, në lidhje me çertifikimin e moderatorëve të forumeve, si dhe për "Çertifikimin rajonal të komunave me qarkim të volitshëm afarist", ku dy komuna fituan këtë çertifikatë, kurse këtë vit është shpallur konkurs për paraqitjen e komunave të reja të interesuara.

Trajanovski theksoi se si edhe në periudhën paraprake dhe në vitin 2013 BNJVL ka pranuar një numër të madh delegacionesh delegacionesh evropiane, që donin të informoheshin për avancimin në fushën e decentralizimit, por edhe delegacione nga asociacionet kombëtare që kanë dëshirë të njihen me mënyrën e punës së BNJVL-së, lobimin, kurse interes të veçantë shkaktonin shërbimet elektronike që komunat i'a ofrojnë qytetarëve, me përkrahjen e BNJVL-së. Për shkëmbimin e përvojave të BNJVL-së në përkrahjen e lejes për ndërtim, interes shprehën asociacionet e Serbisë, Malit të Zi

## РЕДОВНО ИСПЛАЌАЊЕ НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА ПОГОЛЕМА САМООДРЖЛИВОСТ НА ЗЕЛС

На крајот од своето излагање, претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, укажа на потребата од редовно плаќање на членарината кон ЗЕЛС од страна на сите општини. Им честита на оние кои тоа навремено го прават и уште еднаш информира за ставот на УО, општините кои досега не ја извршиле целосно исплатата тоа да го сторат до крајот на 2014 година, односно целосно до крајот на 2015, со склучување на договор со ЗЕЛС за утврдување на ратите. Трајановски посочи дека на овој начин се потврдува и лојалноста кон ЗЕЛС и дека сите странски и домашни организации кои даваат финансиска поддршка, сакаат да го видат придонесот и на членките на ЗЕЛС.

Всушност за значењето на ова прашање, во своето обраќање пред делегатите говореше и Н.Е. Стефано Лазарото, амбасадор на Швајцарија, земја која преку Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) е еден од најголемите поддржувачи на ЗЕЛС и на самиот процес на децентрализацијата во Република Македонија. Пред делегатите на Генералното собрание, амбасадорот Лазарото истакна дека СДЦ учествува со 30% директна буџетска помош за ЗЕЛС и дека е многу важно и членките на ЗЕЛС да придонесат за натамошното функционирање и обезбедување на самоодржливост на Заедницата, која треба да се справува со сложени прашања од своите статутарни обврски. Н.Е. Стефано Лазарото истакна задоволство од забележаните примери на развивање на демократските процеси во локалната власт, при што најави дека Швајцарија и понатаму ќе ја поддржува децентрализацијата и општините. Амбасадорот посочи и на позитивните резултати од проектите за форумите во заедницата и работењето на комитетите за односи меѓу заедниците.

жаа асоцијациите од Србија, од Црна Гора и од Албанија.

Пред присутните делегати се обрати и новиот министер во Владата на Република Македонија, во Министерството за локална самоуправа, Лирим Шабани. Тој потенцираше на важноста од взаемната соработка на Министерството и ЗЕЛС. Посочи дека во следните месеци ќе се работи на подготовка на новата тригодишна Програма за децентрализација и развој на ЕЛС, како и на ревидирање на Стратегијата за рамномерен регионален развој 2009-2019 година. Ќе се развива интензивна комуникација со другите надлежни министерства за доследно спроведување на Законот за рамномерен развој во делот на финансирањето, при што истакна дека ќе инсистира при распределбата на средствата за регионални проекти од сите ресори да се води сметка за степенот на развиеност на планските региони. Трета важна алка на соработката на МЛС со општините е прекуграничната соработка, при што посочи дека во тек е подготовката на новите Програми за прекугранична соработка со Албанија, Бугарија, Грција и Албанија, во рамките на новиот програмски период 2014 -2020 година, со средства од ЕУ. Тој посочи дека само со редовна и динамична комуникација за сите релевантни прашања меѓу централната власт, односно МЛС и локалните власти, може да се развива успешен процес на децентрализација и да се обезбеди поголем развој на општините.

На Генералното собрание на ЗЕЛС, извршниот директор, Душица Перишиќ, го елаборираше Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2013 година. Беа изнесени средствата потрошени за активностите на ЗЕЛС. Најмногу се однесуваат на обезбедување на електронски услуги, а беше посочено дека со воспоставувањето на ЗЕЛС тренинг центарот во административната зграда на ЗЕЛС, за реализираните обуки за општинската администрација направени се драстични финансиски заштеди. Беше посочено дека СДЦ е најголемиот донатор на ЗЕЛС, а беше презентирана и наплатата на членарина од општините. По усвојувањето на Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2013 година, претседателот Трајановски ги покани делегатите на дискусија.

Градоначалникот на општина Боговиње, Хазби Идризи, посочи дека локалните власти треба да изнајдат начин, како да ја зголемат наплата на данокот на имот, бидејќи тоа е еден од важните финансиски извори за локалната власт за преземање на активности во насока на подобрување на квалитетот на живеењето и на услугите за своите граѓани. Градоначалникот Идризи ја поздрави реафирмацијата на иницијативата за зафаќање на процент од концесиите на земјоделското земјиште во полза на локалните власти, а исто така предложи, општини-

dhe Shqipërisë.

Para delegatëve të pranishëm u drejtua edhe ministri i ri në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, në Ministrinë për vetëqeverisje lokale, Lirim Shabani. Ai potencoi se mjaft i rëndësishëm është bashkëpunimi i ndërsjelltë i Ministrisë me BNJVL-në. Përmendi se në muajt e ardhshëm do të punohet në përgatitjen Programit të ri trevjeçar për decentralizim dhe zhvillim të NJVL-ve, si dhe revidimi i Strategjisë për zhvillim të barabartë rajonal, 2009-2019. Do të zhvillohet komunikim intensiv me ministritë tjera kompetente për zbatim kosekuent të Ligjit për zhvillim të barabartë rajonal në pjesën e financimit, me ç'rast theksoi se do të insistohet gjatë shpërndarjes së mjeteve për projekte rajonale nga të gjitha resoret të mbahet llogari edhe për shkallën e zhvillimit të rajoneve planifikuese. Si hallkë tjetër e rëndësishme e bashkëpunimit të MVL me komunat është bashkëpunimi ndërkufitar, me ç'rast theksoi se në rrjedhë është përgatitja e programit të ri për bashkëpunim ndërkufitar me Shqipërinë, Bullgarinë, Greqinë, në kuadër të periudhës së re programore për vitin 2014 -2020, me mjetet e BE-së. Ai theksoi se vetëm me komunikim të rregullt dhe dinamik lidhur me të gjitha çështjet relevante midis pushtetit qëndror, respektivisht MVL dhe pushteteve lokale, mund të zhvillohet një proces i suksesshëm i decentralizimit dhe të sigurohet zhvillim më i madh i komunave.

Në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, drejtori ekzekutiv Dushica Perishiq, e elaboroi Raportin financiar të BNJVL-së për vitin 2013. U parashtruan mjetet e shpenzuara për aktivitetet e BNJVL-së. Më së tepërmi u referohen sigurimit të shërbimeve elektronike, ndërsa u përmend se me vendosjen e Qendrës së Trajnimeve në ndërtesën administrative të BNJVL-së, për trajnimet e realizuara për administratën komunale janë bërë kursime drastike financiare. U theksua se SDC është donatori më i madh i BNJVL-së, ndërsa u prezantua edhe pagesa për anëtarësinë e komunave. Pas miratimit të Raportit financiar të BNJVL-së për vitin 2013, kryetari Trajanovski i ftoi delegatët për diskutim.

Kryetari i komunës së Bogovinës, Hazbi Idrizi, theksoi se pushtetet lokale duhet të gjejnë mënyrë si t'a rrisin pagesën e tatimit të pronës, sepse kjo është një ndër burimet kryesore financiare për pushtetin lokal lidhur me ndërmarrjen e aktiviteteve në drejtim sigurimi të kualitetit të jetës dhe të shërbimeve për qytetarët e tyre. Kryetari Idrizi, e përshëndeti riafirmimin e iniciativës për përfshirjen e përqindjes nga koncesionet e tokës bujqësore, ndërsa gjithashtu propozoi

## PAGESA E RREGULLT E ANËTARËSIMIT PËR VETËQËNDRUESHMËRI MË TË MADHE TË BNJVL-SË

Në fund të fjalimit të tij, kryetari i BNJVL-së, e theksoi nevojën për pagimin e rregullt të anëtarësisë drejt BNJVL-së, për të gjitha komunat. I uroi ato që e paguajnë anëtarësimin në kohë të duhur por edhe njëherë informoi për qëndrimin e BD-së, komunat që deri më tani nuk e kanë realizuar plotësisht pagesën këtë gjë t'a kryejnë deri në fundin e vitit 2014, ose tërësisht deri në fundin e vitit 2015, me lidhjen e marrëveshjes me BNJVL për përcaktimin e kësteve. Trajanovski theksoi se në këtë mënyrë vërtetohet dhe besnikëria ndaj BNJVL-së, por edhe të gjitha organizatat vendore dhe të huaja të cilat japin përkrahje financiare duan t'a shohin dhe kontributin e anëtareve të BNJVL-së.

Në të vërtetë për rëndësinë e kësaj çështjeje, në fjalimin e tij para delegatëve kushtoi dhe E.T. Stefano Lazaroto, ambasador i Zvicrës në Republikën e Maqedonisë, vend nëpërmjet të cilit Agjencia Zvicerane për bashkëpunim dhe zhvillim (SDC) është një ndër përkrahësve më të mëdhenj të BNJVL-së edhe në vetë procesin e decentralizimit në Republikën e Maqedonisë. Para delegatëve të Kuvendit gjeneral, Ambasadori Lazaroto theksoi se SDC merr pjesë me 30% ndihmë direkte buxhetore për BNJVL dhe se është shumë e rëndësishme që anëtaret e BNJVL-së të kontribuojnë në funkionimin e mëtejshëm dhe sigurimin e vetëqëndrueshmërisë së Bashkësisë, e cila duhet të merret me çështje të ndërlikuara nga përgjegjësistë e saj statutore. E.T. Stefano Lazaroto shprehu kënaqësi se sa e mirëseardhur është përkrahja nga SDC në komunat e Maqedonisë dhe sa shumë shembuj pozitivë të zhvillimit të proceseve demokratike janë vënë re, me ç'rast njoftoi se Zvicra edhe në vazhdimësi do t'a përkrahë decentralizimin dhe komunat. Ambasadori i theksoi dhe rezultatet pozitive nga projektet për forumet në bashkësi dhe nga puna e komiteteve për marrëdhënie ndërmjet bashkësive.

те, преку ЗЕЛС, да побараат од централната власт да им се префрли надлежноста за управување со одредено земјиште, што би претставувало дополнителен начин на зајакнување на финансиската состојба на општините (како што е сега тоа со градежното неизградено земјиште). Тој побара да се преиспита состојбата во однос на користењето и наплатата на водата за пиење. Конкретно во неговата општина снабдувањето со вода за пиење го прават здруженија/ месни заедници, а не јавни претпријатија. Укажа дека е потребно да се утврди модел за управување со водата, и дека таа треба да биде во надлежност на локалната власт. ЗЕЛС да покрене иницијатива за донесување на соодветно законско решенија, со што би се решил овој проблем. Исто така, Идризи потенцира дека секое префрлање на одредени ингеренции од централно, на локално ниво, треба да биде во согласност со европската повелба на локални власти, а тоа значи дека треба да се префрлаат и соодветни финансиски средства за спроведување на дадената надлежност. Во своето обраќање на Генералното собрание, Идризи ја посочи и потребата што произлегува од секојдневните ситуации со кои се соочуваат општините, тие да се надлежни за издавањето на одредени лични документи за населението, како што е лична карта, пасош и друго. Исто така, ја потенцира потребата општините да управуваат со земјоделското земјиште и пасиштата. На крајот, Идризи ја потенцира сериозната потреба за поддршка на руралните општини за да можат да ги искористуваат средствата од прекуграничната соработка, а особено беше побарано да се лобира до централната власт овие општини да добиваат повеќе средства во кофинансирањето на проектот во почетната фаза.

За збор се јави и градоначалникот на општина Брвеница, Енвер Пајазити, кој укажа на алармантната состојба во училиштата со неплатените средства за превоз на ученици и за загревање на просториите. Исто така, укажа и на потребата за иницијатива за измени во Законот за градење, односно индивидуалните објекти, под 300 м² да не се задолжуваат да приложат документација за сеизмички испитувања, бидејќи се зголемува цената на градбата, па голем број инвеститори се откажуваат од градење, а локалната власт губи средства. Градоначалникот Пајазити посочи дека треба да се лобира преку ЗЕЛС за обезбедување на поголемо финансирање на спортот и културата во руралните средини, што ќе придонесе и во насока на рамномерен регионален развој, а посочи и на потребата од преиспитување на доделувањето на земјоделското земјиште, односно дека локалната власт има најголеми непосредни информации за намерите за употреба на таквото земјиште. Исто така, тој ја потенцираше и потребата од поголеми контроли во однос на нелегалното сечење на дрвата по шумите.

Градоначалничката на Градско, Жанета Чаушевска, пак, посочи дека треба да се интервенира до ЕВН Македонија, во однос на висината на цената на електричната енергија што се користи за пумпите за снабдување на населението со вода. Голем број општини имаат генерирано долгови по овој основ и постои закана дека ќе бидат исклучени. Општините не можат да си дозволат ваква висока цена, и треба да се интервенира до Регулаторната комисија, цената да се врати на поранешното ниво, односно да се врши наплата по тарифата како за домаќинства.

На оваа седница на Генералното собрание делегатите го изгласаа работното претседателство во состав: Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, Невзат Бејта, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на општина Гостивар и Јосиф Христов, претседател на Советот на општина Струмица.

që pushteti lokal, përmes BNJVL-së, të kërkojë nga pushteti qëndror t'ua bartë në kompetencë menaxhimin me tokë të caktuar, që do të paraqiste mënyrë plotësuese të përforcimit të gjendjes financiare të komunave (që tani e njejta ndodh me tokën e pandërtuar ndërtimore). Ai kërkoi të rishqyrtohet gjendja lidhur me shfrytëzimin e pagesës së ujit për pije. Konkretisht, në komunën e tij furnizimin me ujë për pije e bëjnë shoqatat/bashkësitë vendore e jo ndërmarrjet publike. Përmendi se është e nevojshme të përcaktohet model për menaxhimin me ujë dhe se kjo duhet të jetë në kompetencë të pushtetit lokal. BNJVL të ngrejë iniciativë për miratimin e aktvendimit adekuat ligjor me ç'rast do zgjidhej problemi në fjalë. Gjithashtu, Idrizi potencoi se transferimi i ingjerencave të caktuara nga niveli qëndror në atë lokal, duhet të jetë konform kartës evropiane të pushteteve lokale, ndërsa kjo do të thotës e duhet të transferohen edhe mjete adekuate financiare për zbatimin e kompetencës së dhënë. Në fjalimin e tij në Kuvendin Gjeneral, Idrizi përmendi edhe nevojën që rrjedh nga situatat e përditshme me të cilat ballafaqohen komunat, ato të jenë kompetente në dhënien e dokumenteve personale të caktuara për popullatën, si dhe letërnjoftimi, pasaporta etj. Gjithashtu potencoi nevojën që komunat të menaxhojnë me tokën bujqësore dhe kullosat. Në fund, Idrizi e potencoi nevojën serioze për përkrahjen e komunave rurale që të mund t'i shfrytëzojnë mjetet nga bashkëpunimi ndërkufitar, veçanërisht u kërkua të lobohet deri te pushteti qëndror, këto komuna të marrin më shumë mjete në kofinancim të projektit në fazë fillestare.

Për fjalë u paraqit edhe kryetari i komunës së Bërvenicës, Enver Pajaziti, i cili përmendi gjendjen alarmante të shkollave me mjetet e papaguara për transport të nxënësve dhe për ngrohjen e hapësirave. Gjithashtu përmendi edhe nevojën për iniciativë për ndryshime në Ligjin për ndërtim, respektivisht objektet individuale, ndër 300 m2 të obligohen të parashtrojnë dokumentacion për hulumtime seizmologjike, sepse rritet çmimi i ndërtimit, prandaj një numër i madh investitorësh heqin dorë nga ndërtimi, ndërsa pushteti lokal humb mjete. Kryetari Pajaziti përmendi se duhet të lobohet përmes BNJVL-së të sigurohet lidhur me sigurimin e financimit më të madh të sportit dhe kulturës në mjediset rurale, që do të kontribuojë edhe në drejtim të zhvillimit të barabartë rajonal, ndërsa përmendi edhe nevojën për rishqyrtimin e shpërndarjes së tokës bujqësore, respektivisht se pushteti lokal ka informacione të drejtpërdrejta për qëllimet e përdorimit të kësaj toke. Gjithashtu ai potencoi edhe nevojën për kontrollime më të mëdha lidhur me prerjen ilegale të pyjeve.

Kryetarja e Gradskos, Zhaneta Çaushevska, përmendi se duhet të intervenohet deri te EVN Maqedoni, lidhur me lartësinë e çmimit të energjisë elektrike, që shfrytëzohet për pompat për furnizim të popullatës me ujë. Një numër i madh i komunave kanë borxhe të gjeneruara në këtë bazë dhe ekziston rrezik se do të shkyçen. Komunat nuk mund të lejojnë një çmim të këtillë, dhe duhet të intervenohet deri te Komisioni Rregullator që çmimi të kthehet më herët, respektivisht me tarifë si amvisëritë.

Në këtë seancë të Kuvendit Gjeneral, delegatët votuan kryesinë punuese në përbërje prej: Koce Trajanovskit, kryetar i BNJVL-së dhe kryetar i Qytetit të Shkupit, Nevzat Bejta, nënkryetar i BNJVL-së dhe kryetar i komunës së Gostivarit dhe Josif Hristov, kryetar i Këshillot të komunës së Strumicës.



# АКТИВНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МРЕЖАТА НА ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ

# AKTIVITETET E KRYESISË SË RRJETIT TË TË PUNËSUARVE FINANCIARË

Членовите на претседателството на Мрежата на финансиски работници, при ЗЕЛС, на трети јули, 2014 година, одржаа состанок во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Состанокот беше свикан со цел преземање на активностите што произлегоа од заклучокот на Управниот одбор на ЗЕЛС, што се одржа на 20 јуни 2014 година, во однос на иницијативата за измени и дополнувања на Законот за даноци на имот. Исто така, претседателството на Мрежата на финансиски работници се произнесе и за забелешките на Законот за финансиска дисциплина (Сл. весник 187/2013), што беа изнесени на одржаната работилница во ЗЕЛС тренинг центарот, на тема: „Примена на Законот за финансиска дисциплина". По подолга дискусија, присутните утврдија ставови и мислења по двата закона.

Во ЗЕЛС пристигнаа и конкретни предлози од повеќе општини, за изменување и дополнување на постоечката содржина на Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 92/2007...188/2013). Овие предлози стручната служба на ЗЕЛС ги достави на разгледување до сите единици на локалната власт во земјава и очекува писмено мислење од секоја општина. Сублимирани, пристигнатите ставови од општините, заедно со мислењата на претседателството на Мрежата на финансиски работници, ќе бидат доставени на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Anëtarët e kryesisë së Rrjetit të të punësuarve financiarë, pranë BNJVL-së, më 3 korrik, 2014, mbajtën mbledhje në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Mbledhja u konvokua me qëllim të ndërmarrjes së aktiviteteve që rrodhën nga konkluzionet e Bordit drejtues të BNJVL-së që u mbajt më 20 qershor, 2014, lidhur me iniciativën për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për tatim të pronës. Gjithashtu, kryesia e Rrjetit të të punësuarve financiarë parashtroi edhe vërejtje të Ligjit për disiplinë financiare (Gazeta zyrtare 187/2013), që u parashtruan në punëtorinë e mbajtur në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së, me temë: „Zbatimi i Ligjit për disiplinë financiare". Pas një diskutimi më të gjatë, të pranishmit përcaktuan qëndrime dhe mendime mbi dy ligjet në fjalë.

Në BNJVL, arritën edhe propozime konkrete nga më shumë komuna, lidhur me ndryshimet dhe plotësimet e përmbajtjes ekzistuese të Ligjit për tatime të pronës (Gazeta zyrtare e RM nr. 61/2004, 92/2007...188/2013). Propozimet në fjalë, shërbimi profesional i BNJVL-së i parashtroi deri te të gjitha njësitë e pushtetit lokal në vend për shqyrtim dhe pret mendim në formë të shkruar nga çdo komunë. Qëndrimet e pranuara nga komunat, të sublimuara, së bashku me mendimet e kryesisë së Rrjetit të të punësuarve financiarë, do të parashtrohen në Bordin drejtues të BNJVL-së.





# КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ УСВОИ ДВЕ ПРЕДЛОГ - УРЕДБИ



Членовите на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, на 27-та седница, што се одржа на 15 јули 2014 година, во просториите на ЗЕЛС, едногласно ги усвоија: Предлог - уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата за 2015 година и Предлог - уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на приходите од ДДВ по општини за 2015 година. Присутните ги разгледаа овие два значајни документа за локалните власти и дискутираа по истите. Беше утврдено дека распределбата на приходите од ДДВ за општините ќе се врши по истите критериуми што важеа и во претходната година. Вкупните средства на приходите од данокот на додадена вредност, наплатени во претходната фискална година, за општините во Република Македонија, општините во градот Скопје и градот Скопје, најпрво се распределуваат во константен дел од по 3.000.000 денари за секоја единица на локална самоуправа. Потоа, од останатите средства, 12% се распределуваат за општините во градот Скопје и градот Скопје, а 88 % се распределуваат за другите општини во Република Македонија. Променливиот дел на средства за општините во Република Македонија се распределува според следниве критериуми: 65% според нивното учество во вкупниот број на жители во Република Македонија без градот Скопје, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика, 27% според нивното учество во вкупната површина на територијата на Република Македонија без градот Скопје, согласно со утврдените граници на општините од органот, надлежен за работите за премер и катастар и 8% според нивното учество во вкупниот број на населени места во Република Македонија без градот Скопје. Променливиот дел на средства наменет за распределба на градот Скопје и на општините на градот Скопје се распределува во соодност 40:60.

Во Предлог - уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации од областа на културата за 2015 година, остануваат да важат истите критериуми од претходната година, односно средствата се делат според: број на вработени во локалните

# KOMISIONI PËR NDJEKJE DHE ZHVILLIM TË SISTEMIT PËR FINANCIM TË KOMUNAVE MIRATOI DY PROPOZIM-RREGULLORE



Anëtarët e Komisioniot për ndjekje dhe zhvillim të sistemit për financim të komunave në seancën e 27-të, që u mbajt më 15 korrik, 2015, në hapësirat e BNJVL-së, unanimisht i miratoi: Propozim-Rregulloren për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve nga lëmia e kulturës për vitin 2015 dhe Propozim-Rregulloren për metodologjinë për përcaktim të kritereve të shpërndarjes së të ardhurave nga TVSH në komunat për vitin 2015. Të pranishmit i shqyrtuan këto dy dokumente të rëndësishme për pushtetet lokale dhe diskutuan mbi të njejtat. U përcaktua se shpërndarja e të ardhurave nga TVSH për komunat do të kryhet në bazë të kritereve të njejta që vlenin edhe në vitin e kaluar. Gjithsejt mjete të të ardhurave nga tatimi i vlerës së shtuar të arkëtuara në vitin e kaluar fiskal për komunat në Republikën e Maqedonisë, komunat në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit për shpërndajen në pjesë konstante prej nga 3.000.000 denarë, pastaj për të gjitha komunat në Republikën e Maqedonisë në shumë prej 88%, ndërsa për komunat në qytetin e Shkupit dhe qytetin e Shkupit në shumë prej 12%. Pjesa e ndryshueshme e mjeteve për komunat në RM shpërndahet sipas këtyre kritere:65% sipas pjesëmarrjes së tyre në numrin e përgjithshëm të banorëve në Republikën e Maqedonisë, konform të të dhënave nga regjistrimi i fundit i kryer i popullatës të shpallura nga Enti shtetëror për statistikë, 27% sipas pjesëmarrjes së tyre në territorin e përgjithshëm të Republilës së Maqedonisë pa qytetin e Shkupit, konform kufinjëve të përcaktuar të komunave nga organi kompetent për punë për matje dhe kadastër dhe 8% sipas pjesëmarrjes së tyre në numrin e përgjithshëm të vendeve të banuara në Republikën e Maqedonisë pa qytetin e Shkupit. Pjesa e ndryshueshme e mjeteve të dedikuar për shpërndarjen e qytetit të Shkupit dhe komunave të qytetit të Shkupit shpërndahen në raport 40:60.

Në Propozim –Rregulloren për metodologjinë lidhur me përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok – dotacioneve nga lëmia e kulturës për vitin 2015 u vendos që akoma të vlejnë të njejtat kritere nga rregullorja e vitit të kaluar dhe kjo sipas kritereve të mëposhtme: numri i të

установи од областа на културата по општини, трошоците за реализирање на дејностите од областа на културата, според вкупната површина на објектите во кои се сместени локалните установи по општините и реализирањето на дејностите од областа на културата.

По точката разно членовите го отворија прашањето околу Законот за даноците на имот. Тие беа запознаени со активностите на телата на ЗЕЛС во однос на овој закон, што произлезе од заклучокот на Управниот одбор на ЗЕЛС за пристапување кон предлози за подготвување на иницијатива за законско изменување и дополнување. Посебно беше нагласена потребата од зголемување на долниот праг на стапката на данокот на имот. Беше посочено, во рамките на активностите на оваа Комисија, во септември да се започне со подготовка на детална анализа на потребата за измени во законите во кои се опфатени изворните приходи на општините, за утврдување на состојбите и можностите за зголемување на приходите на локалните власти. Беше даден предлог, во работата на Комисијата да се вклучат и раководители од општините, министерствата, телата на ЗЕЛС и од други институции со цел изнаоѓање на соодветни решенија.

## СЕ ПОДГОТВУВААТ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ, СО СРЕДСТВА ОД ИПА

Изградба на пречистителни станици за отпадни води во градовите: Радовиш, Струмица, Кичево, Охрид/Струга и надградба и рехабилитација на канализационата мрежа во Куманово и Берово, каде има изградено пречистителни станици за отпадни води по ЕУ стандарди, се проектите што Министерството за животна средина и просторно планирање ги подготвува за финансирање, во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Оперативната програма за регионален развој (ОПРД) за периодот 2007-2013 година во приоритетната оска 3 – Подобрување на инфрастуктурата во животната средина во мерката 3.1 – Собирање и третман на отпадни води врз основа на ЕУ критериуми, за населени места кои се агломерации поголеми од 10.000 еквивалент жители.

Во рамите на ИПА, до крајот на 2017 година се планира реализација на градежни проекти за проширување и рехабилитација на канализационата мрежа во Куманово, Берово и проширување на колекторскиот систем и рехабилитација на приоритетната канализациона мрежа во Охрид и Струга. Се планира изградба на пречистителни станици во Струмица, Радовиш и Кичево, како и надградба на пречистителната станица во Враништа, Струга која е многу значајна за заштита на Охридското Езеро. Дополнително, ќе биде изработена техничка документација за проширување и рехабилитација на канализациони мрежи и пречистителни станици за градовите: Кавадарци, Дебар, Битола, Гостивар, Тетово, Штип и Велес. Воедно ќе се изработи техничка документација само за проширување и рехабилитација на канализационата мрежа за Скопје и Кичево. Дел од овие проекти планирано е да се реализираат во рамките на ИПА 2, во планираниот период 2014-2020.

punësuarve në institucionet lokale nga lëmia e kulturës në komunat, shpenzime për realizimin e veprimtarive nga lëmia e kulturës sipas sipërfaqes së përgjithshme të objekteve, ku ndodhen institucionet lokale në komunat dhe realizimi i veprimtarive nga lëmia e kulturës.

Nën pikën të ndryshme anëtarët diskutuan për çështjen rreth Ligjit për tatimet mbi pronën. Ata u njohën me aktivitetet e trupave të BNJVL-së lidhur me këtë ligj, që rrodhi nga konkluzioni i Bordit drejtues të BNJVL-së për qasje ndaj propozimeve për përgatitjen e iniciativës për ndryshim dhe plotësim të ligjit. Veçanërisht u theksua nevoja për zmadhimin e pikës më të ulët të shkallës së tatimit mbi pronën. U përmend në kuadër të aktiviteteve të Komisionit në fjalë, në shtator të fillohet me përgatitjen e analizës detajuese, dedikuar ligjeve që duhet të ndryshohen, për shkak të zmadhimit të të hyrave të komunave, me theks të veçantë mbi të ardhurat burimore të komunave. U dha propozim që në punën e Komisionit të përfshihen edhe udhëheqës nga komunat, ministritë, trupat e BNJVL-së dhe nga institucione të tjera me qëllim gjetja e zgjidhjeve adekuate.

## PËRGATITEN PROJEKTE PËR FINANCIM, PËR STACIONE PASTRIMI TË UJËRAVE TË ZEZA, ME MJETET NGA IPA

Ndërtimi i stacioneve të pastrimit për ujërat e zeza në qytetet: Radovish, Strumicë, Kërçovë, Ohër/Strugë dhe mbindërtim dhe rehabilitizim të rrjetit kanalizues në Kumanovë dhe Berovë, ku janë të ndërtuara stacione për pastrim të ujërave të zeza sipas standardeve të BE-së, janë projekte që Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor i përgatit për financim, në kuadër të Instrumentit për ndihmë para-aderuese (IPA), Programi operativ për Zhvilim rajonal për periudhën 2007-2013 në Boshtin prioritar 3 – Përmirësimi i infrastrukturës në mjedisin jetësor në Masën 3.1 – Mbledhja dhe tretmani i ujërave të zeza në bazë të kritereve të BE-së për vendet e banuara të cilat janë aglomeracione më të mëdha se 10.000 banorë ekuivalentë.

Në kuadër të IPA, deri në fund të vitit 2017 planifikohet realizimi i projekteve ndërtimore për zgjërimin e rehabilitimit të rrjetit kanalizues në Kumanovë, Berovë dhe zgjërim të sistemit kolektor dhe rehabilitizim të rrjetit prioritar kanalizues në Ohër dhe Strugë. Planifikohet ndërtimi i stacioneve për pastrim në Strumicë, Radovish dhe Kërçovë, si dhe avancimi i stacionit për pastrim në Vraneshticë, Strugë është shumë i rëndësishëm për mbrojtjen e Liqenit të Ohrit. Në mënyrë plotësuese do të hartohet dokumentacion teknik për zgjërim dhe rehabilitim të rrjetit kanalizues dhe stacione për pastrim për qytetet: Kavadarë, Dibër, Manastir, Gostivar, Tetovë, Shtip dhe Veles. Njëkohësisht do të hartohet dokumentacion teknik vetëm për zgjërim dhe rehabilitim të rrjetit kanalizues për Shkupin dhe Kërçovën. Një pjesë nga këto projekte janë planifikuar të realizohen në kuadër të IPA 2, në periudhën 2014-2020.

Со цел навремено запознавање со активностите кои ги спроведува МЖСПП, како и обврските кои произлегуваат за општините и за јавните комунални претпријатија, пред и во фазата на спроведувањето на проектите, на оваа тема, на 10 јули, 2014 година, во ЕУ Инфо центарот во Скопје, МЖСПП организираше работен состанок.

## ВКУПНО 65 ПРОЕКТИ ОД ОПШТИНИТЕ ЌЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СРЕДСТВАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈАТА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ И ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛАТА

Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, во кој ЗЕЛС има свој претставник, на седницата одржана на 16 јули, 2014 година го разгледа Извештајот за извршеното оценување на предлог- проектите за 2014 година за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата во РМ. Беше изнесено дека до Бирото за регионален развој биле доставени вкупно 75 проекти од општините во земјава. Комисијата за оценка на проектите за регионален развој, оценувањето го врши во согласност со Правилникот и методологијата за оценување предлог –проекти за регионален развој. Во првата фаза на оценувањето, врз основа на критериумите за квалификација, поднесените проекти биле позитивно оценети. Во втората фаза, кога се оценува според критериумот за квалитет, позитивна оценка добиле предлозите на кои им биле доделени од 25 до 45 поени, односно вкупно 65 проекти, за кои биле подготвени и предлог –листи.

Според Програмата за рамномерен регионален развој во 2014 година, вкупните средства наменети за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби изнесуваат 12.027.295,00 денари. За реализација на поднесените предлог-проекти, општините предвидуваат и учество со сопствени финансиски средства. Од доставени 38 проекти, 34 општини имаат меѓу 25 и 45 бодови за квалитет. Станува збор за најразновидни потреби на општините кои се однесуваат најчесто за изработка на техничка документација на патни правци, градежно-техничка документација за изградба на колектори за фекални води и мали пречистителни станици, изработка на ажурирани геодетски подлоги, изградба на мост на локален пат, а има и проекти што се однесуваат на изработка на просторна идентификација на парк на природата, изработка на стратегија за локален економски развој, на планска документација за развој на туризмот и уредување на туристички локалитети и друго.

За финансирање на проекти за развој на селата, утврдени се вкупно 6.013.648,00 денари, за 2014 година, од кои согласно со член 32 од Законот, средствата се распределуваат за сите осум плански региони, односно по 751.706,00 денари. При утврдувањето на предлогот за финансирање на развојот на селата, Советот за рамномерен регионален развој води грижа за рамномерна застапеност на општините при доделувањето на средствата за сите општини што припаѓаат на планскиот регион.

Me qëllim të informimit në kohë me aktivitetet të cilat i zbaton MMJPH si dhe obligimet të cilat rrjedhin për komunat dhe për ndërmarrjet komunale, para dhe gjatë fazës së zbatimit të projekteve në këtë temë, më 10 korrik, 2014, në Info Qendrën e BE-së në Shkup, MMJPH organizoi takim punues.

## GJITHSEJT 65 PROJEKTE NGA KOMUNAT DO TË FINANCOHEN NGA MJETET PËR ZHVILLIM TË RAJONIT ME NEVOJA ZHVILLIMORE SPECIFIKE DHE PËR ZHVILLIMIN E FSHATRAVE

Këshilli për zhvillim të barabartë rajonal i Republikës së Maqedonisë, në të cilin BNJVL ka përfaqësuesin e saj, në seancën e mbajtur më 16, korrik, 2014 e shqyrtoi Raportin për vlerësimin përfundimtar të propozim-projekteve për zhvillim të rajoneve me nevoja specifike zhvillimore dhe për zhvillimin e fshatrave të RM, për vitin 2014. U përmend se në Byronë për zhvillim rajonal janë parashtruar gjithsejt 75 projekte nga komunat në vend. Komisioni për vlerësim të projekteve për zhvillim rajonal, vlerësimin e kryen konform Pyetësorit dhe metodologjisë për vlerësim propozim-projekte për zhvillim rajonal. Në fazën e parë të vlerësimit, në bazë të kritereve të kualifikimit, projektetet e parashtruara u vlerësuan në mënyrë pozitive. Në fazën e dytë, kur vlerësohet sipas kriterit për kualitet, notë pozitive kanë marrë propozimet të cilave u janë ndarë prej 25 deri më 45 pikë, respektivisht 65 projekte, për të cilat kanë qenë të përgatitura edhe propozim-lista.

Sipas Programit për zhvillim të barabartë rajonal në vitin 2014, gjithsejt mjetet e dedikuara për financim të projekteve për zhvillim të rajoneve me nevoja zhvillimore specifike përmbajnë 12.027.295,00. Lidhur me realizimin e propozim-projekteve të parashtruara, komunat parashikojnë edhe pjesëmarrje me mjete personale financiare. Nga 38 projektet e parashtruara, 34 komuna kanë midis 25 dhe 45 pikë për kualitet. Bëhet fjalë për nevoja më të llojllojshme të komunave të cilat kanë të bëjnë më së shpeshti për hartimin e dokumentacionit teknik të drejtimeve rrugore, dokumentacioni ndërtimor-teknik për ndërtim të kolektorëve për ujërat fekale dhe stacione të vogla pastrimi, hartimi i bazave gjeodezike, ndërtimi i urës në rrugë lokale, ndërsa ka edhe projekte që kanë të bëjnë me hartimin e identifikimit hapësinor në park të natyrës, hartimi i strategjisë për zhvillim ekonomik lokal, në dokumentacionin planifikues zhvillim të turizmit dhe rregullim të lokaliteteve turistike etj.

Për financimin e projekteve të fshatrave, janë përcaktuar gjithsejt 6.013.648,00 denarë, për vitin 2014, me të cilat konform nenit 32, të Ligjit në fjalë, mjetet shpërndahen për të gjitha rajonet planifikuese, respektivisht nga 751.706,00 denarë. Gjatë përcaktimit të propozimit për financim të zhvillimit të fshatrave, këshilli për zhvillim të barabartë rajonal mban llogari për përfaqësim të barabartë të komunave gjatë ndarjes së mjeteve për të gjitha komunat që i përkasin rajonit planifikues.

# ОПШТИНА ГОСТИВАР ОБЕЗБЕДИ СРЕДСТВА ОД ИПА ФОНДОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИОТ И РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ

„Креирање на интегриран туристички производ за одржлив економски раст на подрачјето на Гостивар и Корча“ е називот на проектот што овие две општини во следните дваесет месеци ќе го реализираат со средства од ИПА фондовите, од компонентата за меѓугранична соработка. Вкупната вредност на проектот на двете страни е над 500.000,00 евра. Според предвиденото, во општина Гостивар од ИПА фондовите ќе се вложат 244.698,00 евра, а уште 30 отсто од оваа вредност ќе бидат дел од кофинансирање од страна на општината и Министерство за локална самоуправа. Општина Гостивар досега била партнер-општина во други проекти од ИПА програмата , но за прв пат таа е носител на проект. Од особена важност е што проектот е подготвен со административни капацитети од општината, од Одделението за локален економски развој и со поддршка од локален консултант.

Проектот е повеќедимензионелен и преставува поврзување на два погранични региона и има за цел подобрување на условите за развој и промоција на туризмот на двете страни. Најмногу ќе се инвестира во отворање на планински патеки во должина од 75 километри, на планините Сува Гора и Шар Планина. Дел од средствата од проектот предвидено е да се насочат кон гостиварските угостители, хотелиери и превозници за кои се предвидени обуки и јавни расправи на тема туризам. Обуки ќе се реализираат и во средното општинско економско училиште, а ќе бидат насочени кон развојот на планинскиот и руралниот туризам. Исто така, ќе бидат обучени и лиценцирани десет планински водичи, кои на домашните и странските туристи ќе им овозможат да ги запознаат природните убавини во регионот и пошироко. Проектот предвидува и туристички веб портал на општина Гостивар како и „бизнис инкубатор“. Во партнерскиот град Корча ќе се инвестираат 250 илјади евра, кои ќе бидат насочени кон активности за заштита на културното наследство на тамошното подрачје.

Општина Гостивар конкурираше за средства од европските фондови и во повикот за проекти од меѓугранична соработка со Република Косово во февруари, оваа година. Партнер од другата страна и е општина Драгаш, а проектот повторно се однесува на промоција на туризмот во двата региона. Општина Гостивар предвидува изградба на пешачка патека покрај реката Вардар, која ќе се простира од градскиот парк, па сè до изворот Вруток.



# KOMUNA E GOSTIVARIT SIGUROI MJETE NGA FONDET IPA, LIDHUR ME ZHVILLIMIN E TURIZMIT MALOR DHE ATË RURAL

„Krijimi i prodhimeve integruese turistike për zhvillim të qëndrueshëm të rajonit të Gostivarit dhe Korçës” është titulli i Projektit që këto dy komuna në njëzet muajt e ardhshëm do t'a realizojnë me mjetet nga fondet IPA, nga komponenta për bashkëpunim ndërkufitar. Vlera e përgjithshme e projektit nga të dy palët është mbi 500.000,00 euro. Sipas të parashikuarës, nga fondet IPA do të investohen 244.698,00 euro, ndërsa 30% nga vlera e përgjithshme do të jetë pjesë e konfinancimit nga ana e komunës dhe Ministrisë për vetëqeverisje lokale. Komuna e Gostivarit, deri më tani ka qenë partner-komunë në projekte tjera nga programi IPA, por për herë të parë ajo është bartëse e projektit. Mjaft e rëndësishme është që projekti është i përgatitur me kapacitete administrative nga komuna, nga Seksioni për zhvillim ekonomik lokal dhe për përkrahjen e konsulentit lokal.

Projekti është më shumë dimensional dhe paraqet ndërlidhje të dy rajoneve ndërkufitare dhe ka për qëllim përmirësim të kushteve për zhvillim dhe promovim të turizimit të dyja palëve. Më së shumti do të investohet në hapjen e rrugicave malore në gjatësi prej 75 kilometra, në Malin Suva Gora dhe Malin e Sharrit. Një pjesë e mjeteve të projektit, është parashikuar të drejtohen ndaj hotelierëve dhe transportuesve të Gostivarit, për të cilët janë parashikuar trajnime dhe debate publike në temën e turizmit. Trajnimet do të realizohen edhe në shkollat e mesme ekonomike të komunës, ndërsa do të drejtohen ndaj zhvillimit të turizmit malor dhe atë rural. Gjithashtu, do të trajnohen dhe liçencohen dhjetë udhërrëfyesë pyjorë, të cilët turistëve vendorë dhe të huajë do t'u mundësojnë t'i njohin bukuritë natyrore në rajon dhe më gjërë. Projekti parashikon edhe ueb portal turistik të komunës së Gostivarit si dhe „inkubator biznesi”. Në partneritet me qytetin e Korçës do të investohen 250 mijë euro, të cilat do të drejtohen ndaj aktiviteteve për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore në rajonin e mëtejmë.

Komuna e Gostivarit konkurroi për mjete nga fondet evropiane edhe në thirrje për projekte nga bashkëpunimi ndërkufitar me Republikën e Kosovës, në shkurt të këtij viti. Partneri nga ana tjetër është komuna e Dragashit, ndërsa projekti ka të bëjë me promovimin e turizmit të dy rajoneve. Komuna e Gostivarit parashikon, ndërtim të rrugës së këmbësorëve pranë Lumit Vardar, që do të shtrihet prej parkut të qytetit deri në burimin e Vrutokut.





**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska 5, P.N. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk